РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1951/2
20 -11- 2020

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 41-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 12 Ноември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 1951/1 од 14.05.2020 година на подносителот --------------------- од --------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1951 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1951/1 од 14.05.2020 година.

Предметот со број 12-1951 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-1951 од 2020 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-1951/1 од 14.05.2020 година, од познат подносител - физичко лице, ------------------- од -----------, со познати адресни податоци.

Со предметната пријава – доставена по електронска пошта од електронската адреса -------------------------------- се изразува незадоволство од постапувањето на ------------------------------------- по доставена пријава од подносителот -------------------- од ----------------. Со пријавата доставена до Државната комисија, во низа се доставени електронките пораки од преписката на подносителот со службите на ------------------------------- и со ---------------------------- на РСМ, ----------------------------------- на РСМ. Имено, видно од преписката, односно од содржината на пораките,подносителот на пријавата со предметните писмена, првично, до ------------------------ доставил пријава со наводи и сомневања за неправилности во работењето на Здружението ----------------------------------, во кое истиот е еден од основачите. Своите сомневања, подносителот ги темели на фактот дека не бил повикуван и не учествувал во формирањето на органите на управување и други тела на Здружението, како и на фактот дека и покрај договореното од Здржението не ми бил/е извршен поврат на оснивачкиот влог во износ од --------------- денари. Поради ова, а и поради сомневања кон претседателот на здружението од аспект на финансиското работење и за злоупотреби на финансиските средства подносителот побарал од -------------------- да изврши ---------------

контрола на работењето на здружението – на сите трансакции сметано од основањето на здружението, меѓу другото и за да може врз основа на состојбите утврдени со контролата да поднесе тужба пред надлежниот суд за поврат на неговиот паричен влог, како и да поднесе барање за истапување и испис од членство во здружението пред Централниот регистар на РСМ.

Од останатиот дел од преписката на подносителот, Државната комисија за спечување на корупцијата утврди дека од ---------------------------------- било/е доставено известување до подносителот дека неговата пријава ќе биде земена во предвид од аспект на надлежностите на овој орган на -------------------------------------------------, но дека соласно Законот -------------------------- нема да биде известен за исходот од евентуалната контрола, односно дека нема да му бидат доставени записници и други списи од извршените -------------------------------------.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека на предметната пријава на подносителот ------------------------------ постапил надлежниот орган во РСМ – ----------------------------------. Исто така, Државната комисија утврди дека од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата предметната пријава не упатува на конкретни злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица од ------------------------- и од други државни органи и институции, а дека во делот на евентуална повреда на правата на подносителот на пријавата по основ на неговиот основачки влог и неговото членување во посоченото Здужение на граѓани истиот има право и може своите права да ги заштити со вложување на правни средства пред надлежен суд во РСМ .

Според наводите содржани во пријавата бр. 12-1951/1 од 14.05.2020 година и од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека истата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 12 Ноември 2020 година по број 12-1951/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот